РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-6439/2
23. 08 2018 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА*

## *ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА*

***за 2017 година***

***-дополнет-***

*Скопје, август 2018*

*Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Јавното претпријатие за државни патишта доставува годишен Извештај за своето работење за претходната година до Владата на Република Македонија*

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД....4

II. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ЈПДП....7

III. ОРГАНОГРАМ НА ЈПДП....18

IV. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА....19

V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2017 ГОДИНА....20

VI. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ....34

VII. ИНВЕСТИЦИИ ....38

VIII. ЈАВНИ НАБАВКИ....53

# I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа останува двигател на патната инфраструктура во Република Македонија.

Надлежности на ЈПДП се:

1. Управување со државните патишта;
2. Предлагање на Петгодишната програма за развој и одржување на државните патишта;
3. Постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта;
4. Преземање мерки за рационално користење на средствата наменети за државните патишта;
5. Вршење инвестициски работи од областа на државните патишта;
6. Наплата на надоместоците за користење на јавните патишта;
7. Задолжувања кај домашни и странски финансиски институции;
8. Организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита и наплата на патарина со право нив да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со закон;
9. Давање на вршење работи за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на државните патишта на правни лица во согласност со закон;

10. Предлагање одлука за започнување на постапка за давање концесија и/или други видови на јавно – приватно партнерство;
11. Издавање одобренија, одобрувања и мислења во согласност со Законот за јавните патишта;
12. Организирање активности што се поврзани со вршење на броење на сообраќај, заштита на државните патишта, катастар на државните патишта и формирање на неопходни бази на податоци;
13. Применување и користење на систем за управување со одржувањето на коловозите (PMS) и систем на управување со одржувањето на мостовите (BMS);
14. Подршка за изградба, реконструкција и рехабилитација на патишта кои не се државни патишта, врз основа на обврски произлезени од закон.

Финансиските средства кои ЈПДП ги користи за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта, согласно Законот за јавни патишта се обезбедуваат од:

1. Дел од акцизата од деривати од нафта;
2. Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3. Надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4. Надоместок за:

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на државен пат,

   ѓ) вонреден превоз на државен пат и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5. Средства од Буџетот на Република Македонија;
6. Заеми и кредити и
7. Други приходи

Извештајот за работењето го опфаќа целокупното работење на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, работењето на органите на управување на ЈПДП, работењето на внатрешната ревизија, реализацијата на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2017 година, остварените финансиски резултати за 2017 година, инвестициите во проекти во патната инфраструктура во 2017 година, како и Јавните набавки остварени во 2017 година, во согласност со надлежностите на Јавното претпријатие за државни патишта утврдени во Законот за јавни патишта и Статутот на ЈП за државни патишта.

## II. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ЈПДП:

Органи на управување на Јавното претпријатие за државни патишта се:

- Управен одбор,
- Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење,
- Директор

### 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Во текот на 2017 година беа одржани 3 редовни седници, 2 вонредни седници и 1 електронска седница на Управен одбор.

На 3.8.2017 година, со Решение на Влада на РМ бр. 24-4350/1 од 3 август 2017 година, се именуваа членови на Управен одбор на ЈПДП. Со новиот состав на членови на Управен одбор беа одржани 6 редовни седници и 1 електронска седница на УО.

На седниците на Управниот одбор беа донесени следните поважни акти и одлуки во врска со работењето на ЈПДП:

- Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈПДП;
- Годишен план за јавни набавки за 2017 година на ЈПДП;
- Одлука за распределба на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици за 2017 година;
- Одлука за усвојување и донесување на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2017 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за попис на основни средства и ситен инвентар за 2016 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за попис на состојбата на салдата на паричните средства, побарувањата, обврските и материјалното работење на ЈПДП за 2016 година;
- Одлука за отпис – расходување на основни средства за 2016 година;
- Одлука за отпис – расходување на ситен инвентар за 2016 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈПДП за четврти квартал 2016 година;
- Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈПДП за 2016 година;
- Одлука за употреба на средства остварени со работењето на ЈПДП за 2016 година;

- Одлука за усвојување План за изменување на Годишниот план на јавни набавки за 2017 година;
- Деловничка Одлука за изменување на Деловникот за работа на Управен одбор на ЈПДП;
- Одлука за избор на Претседател на Управен одбор на ЈПДП, Мартина Антиќ;
- План за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈПДП;
- Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПДП за 2016 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за финанискoто работење на ЈПДП за прв квартал 2017 година;
- Одлука за одлучување по Приговор од работникот Саздовски Горанчо против Решението за изрекување на дисциплинска мерка парична казна Одлука за одлучување по Приговор од работникот Димовска Весна против Решението за изрекување на дисциплинска мерка парична казна;
- Одлука за именување на Записничар и помошник записничар на Управен одбор;
- Одлука за заменик Претседател на Управен одбор на ЈПДП, Тања Томиќ;
- Одлука за Претседател на Управен одбор на ЈПДП, Љупка Цикарска;
- Одлука за именување на вршител на должност Директор на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов;
- Одлука за разрешување на Директор на Јавното претпријатие за државни патишта Александар Стојанов;
- Одлука за висината на надоместокот на членовите на Управен одбор, записничар и помошник записничар;
- Одлука за висината на надоместокот на членовите на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење;
- Правилник за надоместок на определени материјални трошоци и други примања на функционери избрани од Управен одбор на ЈПДП;
- Решение за исплата на надоместок за одвоен живот од семејството;
- Одлука за усвојување и донесување на измена на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2017 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за финанискoто работење на ЈПДП за втор квартал 2017 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за финанискoто работење на ЈПДП во првото полугодие од 2017 година;
- Одлука за усвојување и донесување на Правилникот за внатрешна организација во ЈПДП;
- Правилник за внатрешна организација во ЈПДП;

- Одлука за давање согласност на предложениот текст на Правилникот за систематизација на работни места во ЈПДП;
- Одлука за усвојување на Извештајот за финанискотo работење на ЈПДП за третиот квартал 2017 година;
- Одлука за усвојување и донесување на Планот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈПДП;
- План за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈПДП;
- Одлука по Жалба од работникот Славе Милановски против Решението за изрекување на дисциплинска мерка парична казна;
- Одлука за усвојување и донесување на измена на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2017 година;
- Одлука за усвојување и донесување на Правилник за плати на вработените во ЈПДП;
- Правилник за плати на вработените во ЈПДП;
- Одлука за утврдување на висината на платата на в.д. Директор на ЈПДП;
- Одлука за донесување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2018 година;
- Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2018 година;
- Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈПДП за 2018 година;
- Финансиски план на ЈПДП за 2018 година;
- Одлука за одлучување по Барање за донација за СОС Детско село;

## 2. РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Во текот на 2017 година беа одржани 5 редовни седници на Надзорниот одбор и 2 електронски седници.

На 3.8.2017 година со Решение на Влада на РМ бр.24-4841 на 3 август 2017 година, се именуваа членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈПДП.

На тие седници Надзорниот одбор ги разгледа и даде мислење по однос на следните поважни акти и одлуки во врска со работењето на ЈПДП:

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување и надградба на постоечкиот електронски систем за наплата на патарина во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Набавка на електрична енергија во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Оптичко комуникациско поврзување, интернет пакет услуги и услуги за фиксна телефонија во времетраење од три години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување на згради и објекти;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на геодетски елаборати;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на 4 наплатни станици;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Косење трева и плевел, расчистување грмушки, кастрење гранки и сечење дрва во патен појас на автопат во времетраење од три години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Управување и одржување на тунели, опрема и постројки на делница Демир Капија – Смоквица и Контролен центар Неготино во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Поправка и рехабилитација на државни патишта од А категорија;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Услуги за мобилна телефонија во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Промена на електрична инсталација и резервно напојување на наплатни станици на коридор 8;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на Наплатна станица Миравци на државен пат А1 делница Демир Капија – Смоквица;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на Наплатна станица Арабиново на автопат А2 делница Кичево - Охрид;

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на Наплатна станица Преод и наплатна станица Кадрифаково на автопат А4 делница Миладиновци - Штип;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за реконструкција на државен пат А1 делница Катланово – Петровец на ниво на стандарден автопат и рехабилитација на двата коловози;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 год. за Поставување на централен систем за довод на чист воздух со греење и ладење во кабини на наплатни станици на Коридор 8;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Набавка на кабини за наплатни станици;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Санација на свлечиште на државен пат А3 Обиколница на Битола;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на рехабилитации на повеќе државни патишта финансирани од Меѓународни финансиски институции;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Поставување на опрема за категоризација на возила на наплатни станици на коридор 8;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Потрошен материјал за принтери и фотокопири во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Осветлување на раскрсници, клучки, тунели и мостови на државните патишта;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на мост на државен пат Р2136 на река Пчиња кај Коњаре;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на реконструкција и рехабилитација на државен пат А2 делница Крива Паланка – Деве Баир;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Чистење патни канавки и канали;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за градежно санациони работи на мост на р.Пчиња на Р1204, делница Куманово – Свети Николе;

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за градежно санациони работи на мост бр.9 на р.Петрошница на А2, мост бр.36 на А2, мост бр.1 р.Лакавица на Р1103 и мост бр. 10 на Р1103;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Санација на свлечиште на Р2433 (Радовиш – Конче)
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за ХТЗ опрема;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А1 делница Дреново – Прилеп и државен пат А3 делница Буково - Охрид;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување на сообраќајна опрема на државни патишта;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Реконструкција на државен пат Р2133 делница Ропалце - Матејче - Липково;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Набавка на компјутери и компјутерска опрема;
- Разгледување на Извештајот од финансиското работење на претпријатието во четвртиот квартал од 2016 година и давање мислење по однос на истиот;
- Разгледување на Годишна сметка за 2016 година и давање мислење по однос на истата;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост бр. 1 река Вардар крак Удово на Р1105;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за експресен пат А3, делница Прилеп – Битола – Меџитлија, со влезови во Битола;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Набавка на опрема за контрола, мониторинг и управување со осветлувањето на државните патишта, клучки и тунели;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Консултантски услуги за медиумска кампања;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на мост на државен пат Р2136 на р. Пчиња кај Коњаре;

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на санација и рехабилитација на државен пат Р1205 делница Крупиште - Пробиштип;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост бр. 2 р.Коселска на А3 (Подмоље – Охрид);
- Разгледување на Извештајот за финансиско работење на ЈПДП за периодот јануари - март 2017 година и давање мислење по однос на истиот;
- Разгледување на Извештај за работењето на ЈПДП за 2016 година и давање мислење по однос на истиот;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Набавка на ролни за фискални печатари;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Санација и рехабилитација на државен пат Р1205, делница Крупиште - Пробиштип;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост на р.Пчиња на Р2136;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за поврзување на клучка Смоквица (А1) во Валандово;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за санација на повеќе свлечишта на Р1108 (С.Вода – Кожуф);
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Садење дрва во патен појас на државни патишта;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за изградба на обиколница на Ресен, на државен пат А3;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за реконструкција на државен пат Р 2234, делница Кондово - Јегуновце;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на рехабилитација на државен пат Р 1202 делница М.Анови – Жировница;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на мост бр.5 р.Луда Мара на државен пат Р 1107;

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Санација на свлечиште на Р1205, (Кратово – Пробиштип);
- Донесување на Одлука за претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈПДП Атина Мургашанска;
- Донесување на одлука на членови на Надзорен одбор, Даниела Велковска, Ацо Јаневски, Горан Давидовски, Горан Герасимовски и Атина Мургашанска;
- Донесување на Одлука за заменик Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈПДП Горан Герасимовски;
- Донесување на Одлука за именување на Записничар и помошник Записничар на Надзорен одбор;
- Разгледување на Извештај за финансиско работење на ЈПДП за првото полугодие од 2017 година и давање мислење по однос на истиот;
- Разгледување на Извештајот од финансиско работење на ЈПДП во вториот квартал за 2017 година и давање мислење по однос на истиот;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Поставување на заштитна звучна ограда низ населени места каде поминува автопатот Скопје - Тетово;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на државен пат А3 делница Охрид - Пештани;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на државен пат А2 делница Тетово – Гостивар на ниво на стандарден автопат;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Дополнување и комплетирање на проектна документација за изградба на автопат А4 делница Скопје - ГП Блаце;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на автопат А2 делница Требениште – Струга;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување на систем за видео надзор и комуникациска опрема на наплатни станици и гранични премини во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување на автоматски стоп рампи во времетраење од две години;

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежни работи за комплетирање на клучка Хиподром на државен пат А2;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на мост бр. 2 р. Бабуна, Богомила на државен пат Р2336;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Поправка и рехабилитација на регионални патишта;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на државен пат Р1402 делница Старо Коњарево – Ново Коњарево;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Транспорт на вработени;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување на хигиена во времетраење од три години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Одржување на ПП централи, ПП апарати и испитување на громобранска инсталација и заштитно заземјување во времетраење од две години;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Рехабилитација на државен пат Р1202 делница Маврови Анови - Жировница;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на државен пат Р 1210 делница Тораница - Саса;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на државен пат Р 1209 делница Пониква – Турско Рудари;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на изградба на државен пат Р 2246 делница Гарски Мост - Извор;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост бр. 1 р.Лакавица на Р1103;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост бр. 1 р. Вардар кај Удово на Р1105;

- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост бр.36 на А2 (Куманово – Крива Паланка);
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Изградба на АБ плочаст пропуст кај с.Калково на Р 1105 (Удово – Валандово);
- Разгледување на Извештајот од финансиско работење на ЈПДП во третиот квартал за 2017 година и давање мислење по однос на истиот;
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Градежно санациони работи на мост на р.Вардар кај Сарај на А2 (Скопје – Групчин);
- Давање на Одобрение на поединечни точки од Годишниот план за јавни набавки за 2017 година за Надзор на градежни работи на државни патишта финансирани од ЕБОР, Тендер 1;
- Донесување на Одлука за избор на Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈПДП Даниела Велковска;
- Разгледување на Финансискиот план на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година и давање мислење по однос на истиот;
- Примањата на членовите на Управен и Надзорен одбор на ЈП за државни патишта изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Претседател | 12.000 ден. |
| - Заменик претседател | 11.000 ден. |
| - Членови | 10.000 ден. |

Како надоместок за материјални трошоци, односно трошоци за користење на мобилен телефон на Претседателот, Заменик претседателот и членовите на Управен и Надзорен одбор им се плаќа месечен надоместок од 2.000 денари.

## 3. ДИРЕКТОР НА ЈПДП

Со ЈП за државни патишта раководи директор. Во текот на 2017 година, со Одлука на Управниот Одбор на ЈПДП бр. 02-7988/7 од 05.08.2017 год. именуван е нов в.д. Директор на ЈПДП. Работата на директорот на ЈПДП во текот на 2017 година беше насочена кон реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2017 година, се грижеше за законитоста во работењето и примена на прописите, статутот и другите акти на претпријатието. Тој, во најголема мера, ги спроведе одлуките и заклучоците на Управниот одбор на Јавното претпријатие, организираше и раководеше со процесот на работењето на ЈПДП, ја реализираше Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2017 година; склучуваше договори за реализација на програмите и други договори за потребите од тековното работење на Јавното претпријатие. Редовно ги вршеше сите останати надлежности утврдени со Статутот на Јавното претпријатие, во насока на обезбедување законитост во работењето и реализација на главните цели и задачи на Јавното претпријатие за државни патишта.

# III. ОРГАНОГРАМ НА ЈПДП




Во рамките на Јавното претпријатие за државни патишта функционираат 3 одделенија и тоа: Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за информатички и комуникациски технологии и Одделение за контрола и 5 сектори: Сектор за правни работи, подготовка на постапка за експропријација, управување со човечки ресурси и општи работи, Сектор за јавни набавки, Сектор за оддржување на патишта, сообраќајна сигнализација, заштита на патишта и наплата на патарина, Сектор за инвестиции и Сектор за финансиски прашања.

Просечниот број на вработени во текот на 2017 година изнесува 391 вработени, а вкупниот број на вработени во Претпријатието на 31 декември 2017 година изнесува 386. Просечната исплатена бруто плата во 2017 година изнесуваше 41.950 денари, а просечната нето плата 28.294 денари.

# IV. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Во Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2017 година планирани се 3 ревизии и тоа:

- Ревизија на Јавна набавка за Банкарски услуги во времетраење од три години,
- Ревизија на Единицата за имплементација на проекти, Компонента III – ИПА,
- Ревизија по барање на Директорот

Планираните ревизии согласно Годишниот План за извршување на внатрешна ревизија се реализирани, освен ревизијата по барање на Директорот. Дадените препораки кои произлегуваат од Конечниот ревизорски извештај од Ревизија на Единицата за имплементација на проекти, Компонентата III- ИПА се во тек.

## V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

Согласно Законот за јавни патишта, Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2017 година, е донесена од Управниот Одбор на ЈПДП и за неа е добиена согласност од Владата на Република Македонија. Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2017 година е во согласност со Петгодишната програма за планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за периодот 2013 – 2017 година, донесена од Владата на Република Македонија.

Одделните ставки во Годишната програма се реализираат во моментот на прилив на средствата на жиро сметките на ЈПДП и во моментот на одлив на средствата од жиро сметките на ЈПДП.

Во следната табела се презентирани изворите на средства за остварување на планираните активности на претпријатието, согласно Годишната програма за 2017 година:

| Ред. Бр. | ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | Програма за 2017 година | Реализација 2017 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| I | **ПРИХОДИ** | **6,231,000,000** | **6,543,400,336** | **105.01** |
| I.1 | **Приходи од работењето** | **3,703,000,000** | **4,001,339,693** | **108.06** |
| I.1.1 | Патарина | 1,972,000,000 | 2,379,001,697 | 120.64 |
| I.1.2 | Регистрација (патна такса) | 1,550,000,000 | 1,589,916,021 | 102.58 |
| I.1.3 | Др. приходи од работењето | 181,000,000 | 32,421,975 | 17.91 |
| I.2 | **Останати приходи** | **2,528,000,000** | **2,542,060,643** | **100.56** |
| I.2.1 | Акциза од нафтени деривати | 2,528,000,000 | 2,542,060,643 | 100.56 |
| II | **ПРИЛИВИ** | **12,601,000,000** | **5,772,189,884** | **45.81** |
| II.1 | **Приливи од странски кредити и заеми** | **12,601,000,000** | **5,772,189,884** | **45.81** |
| II.1.1 | Кредит од Светска банка | 254,000,000 | 462,133,721 | 181.94 |
| II.1.2 | Кредит од ЕБОР | 1,893,000,000 | 780,878,752 | 41.25 |
| II.1.3 | Кредит од ЕИБ | 10,000,000 | 27,187,526 | 271.88 |
| II.1.4 | Кредит од Ексим Банка | 10,444,000,000 | 4,501,989,885 | 43.11 |

Графички приказ: Остварени во однос на планирани приходи и приливи за 2017 година




Вкупните приходи остварени во 2017 година изнесуваат 6.543.400.336 денари или 105,01% од планираните за истата година.

Приходите кои произлегуваат од редовното работење на претпријатието изнесуваат 4.001.339.693 денари што претставува 108,06% од вкупно планираните. Тука спаѓаат: надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучки возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, и други приходи кои произлегуваат од работењето.

Висината на надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата. Во 2017 година овој приход е за 20.64% поголем во однос на планираниот. Зголемувањето се должи на засилената контрола од страна на контролната служба во Јавното претпријатие за државни патишта, како што е поставувањето на видео мониторинг надзор, мобилна контрола која што е 24 часа на располагање за вршење контрола на терен, изготвувањето на фактури за лицата кои не плаќаат патарина, а не се ослободени согласно Законот за Јавни патишта.

Висината на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, еднаш годишно, се определува во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот. Во 2017 година остварен е планираниот износ на овој надоместок.

Во други приходи од работењето влегуваат разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, како што се надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот.

Останатите приходи, односно делот од акцизата од дериватите од нафта, за финансирање на Програмата за патишта во 2017 година, изнесуваат 2.542.060.643 денари, со што се реализира планираниот износ за истата година. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

Графички приказ: Учеството на поединечните приходи во вкупно остварените за 2017 година




Вкупните приливи од странски кредити и заеми за извештајната година изнесуваат 5.772.189.884 денари. Од Светска банка повлечени се средства во износ од 462.133.721 денар за реализација на проектите финансирани од Банката. Од ЕБОР повлечени се и реализирани средства за проекти во вкупен износ од

780.878.752 денари, а од ЕИБ средства во износ од 27.187.526 денари. Од кредитите од Ексим Банка - Кина реализирани се средства во износ од 4.501.989.885 денари.

Графички приказ: Учеството на поединечните кредитни линии во вкупно остварените приливи за 2017 година




Во следната табела презентирани се планираните и остварените активности од Годишната програма на претпријатието:

| Ред. Бр. | ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ | Програма 2017 година | Реализација 2017 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| I | **ТРОШОЦИ** | **2,015,500,000** | **2,622,853,716** | **130.13** |
| I.1 | Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 48,000,000 | 42,282,773 | 88.09 |
| I.2 | Трошоци за услуги | 682,000,000 | 965,164,633 | 141.52 |
| I.3 | Плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените | 200,000,000 | 201,220,420 | 100.61 |
| I.4 | Останати трошоци од работењето | 403,500,000 | 858,770,159 | 212.83 |
| I.5 | Финансиски расходи (камати од кредити) | 682,000,000 | 555,415,731 | 81.44 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **15,603,500,000** | **7,761,371,729** | **49.74** |
| **II.1** | **Инвестиции од сопствени средства** | **3,002,500,000** | **1,992,217,066** | **66.35** |
| II.1.1 | Градба | 1,783,000,000 | 1,460,684,124 | 81.92 |
| II.1.2 | Инвестиционо одржување | 170,000,000 | 162,217,234 | 95.42 |
| II.1.3 | Експропријација | 180,000,000 | 68,092,447 | 37.83 |
| II.1.4 | Проектирање и надзор | 867,500,000 | 292,810,161 | 33.75 |
| II.1.5 | Опрема и Софтвер | 2,000,000 | 8,413,100 | 420.66 |
| **II.2** | **Инвестиции од странски кредити** | **12,601,000,000** | **5,769,154,663** | **45.78** |
| II.2.1 | Инвестиции со кредит од Светска банка | 254,000,000 | 460,949,483 | 181.48 |
| II.2.2 | Инвестиции со кредит од ЕБОР | 1,893,000,000 | 778,835,169 | 41.14 |
| II.2.3 | Инвестиции со кредит од ЕИБ | 10,000,000 | 27,380,126 | 273.80 |
| II.2.4 | Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 10,444,000,000 | 4,501,989,885 | 43.11 |
| **III** | **ОДЛИВИ** | **1,213,000,000** | **1,460,363,494** | **120.39** |
| III.1 | Одливи за отплата на главница за странски кредити | 1,213,000,000 | 1,460,363,494 | 120.39 |
| | **ВКУПНО:** | **18,832,000,000** | **11,844,588,939** | **62.90** |

Во 2017 година вкупната реализација на трошоци, инвестиции и одливи во споредба со планираната во Годишната програма изнесува 62,90%.

Графички приказ: Остварени во однос на планирани одливи за 2017 година




Во 2017 година за трошоците кои произлегуваат од редовното работење на претпријатието реализирани се 2.622.853.716 денари.

Во годишната програма, во делот за суровини, материјали, енергија, резерви делови и ситен инвентар потрошен е износ од 42.282.773 денари. За материјали и ситен инвентар потрошени се 9.537.398 денари. Тука влегуваат канцелариски материјали, тонери, ролни за фискални печатари, парагон билети за патарините, средства за хигиена, ХТЗ опрема и сл. За електрична енергија и гориво потрошени се 32.745.375 денари. Тука спаѓаат приклучоците на дистрибутивна мрежа за објекти на патот, користење на дистрибутивен систем за електрична енергија и потрошена електрична енергија и гориво.

За услуги во извештајната година потрошени се 965.164.633 денари, од кои во најлголем дел се однесуваат за за тековно одржување на патиштата, за што ЈПДП има склучено договор со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат, односно 805.648.945 денари. Понатаму, за провизијата за извршена услуга од здруженијата за технички преглед потрошени се 65.349.431 денари. Остатокот од средствата од оваа ставка потрошени се за останатите услуги како што се: одржување на зградите и објектите на ЈПДП,

одржување на електроенергетски објекти, одржување на автоматски стоп рампи, одржување на опремата и софтверот на ЈПДП, одржување на возила, одржување на систем за електронска наплата на патарина, на систем за видео надзор на наплатните станици, обезбедување на наплатните станици, консултантски и стручни мислења за одржување на патиштата, комунални услуги, телефонски, интернет и поштенски услуги, одржување на хигиената на објектите на ЈПДП, услуги за чистење на патни канавки и канали на патиштата, косење трева, расчистување на грмушки, кастрење гранки и сечење дрва во патен појас на автопат и слични услуги. Во делот трошоци за услуги зголемен е процентот на реализација во однос на планираното во Годишната програма заради зголемена исплата на провизија на Здруженијата за технички преглед, кои вршат пресметка и контрола на патната такса кој се плаќа при регистрација на моторните возила. Зголемениот приход од регистрација што го има ЈП за државни патишта влијае соодветно и на зголемената провизија. Исто така, во текот на 2017 година извршена е и зголемена исплата кон ЈП Македонијапат, согласно Измената на Програмата за одржување на државните патишта.

Во делот за плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените потрошени се средства во износ од 201.220.420 денари, што е во согласност со планираното во Годишната програма за 2017 година.

За останати трошоци од работењето потрошени се 858.770.159 денари. Најголем дел од потрошените средства се за трансфер до ЕЛС за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во износ од 300.000.000 денари. За данок на добивка за 2016 година исплатено е 195.692.253 денари, а за месечни аконтации во 2017 година исплатени се 183.696.163 денари. Во овој дел се вклучени и трошоците за повраток на средства од регистрација на имателите на моторни и приклучни возила со кои се врши меѓународен сообраќај,за враќање на дел од уплатениот износ сразмерно на времето што возилата го поминале надвор од РМ.Во останати трошоци спаѓаат и банкарските провизии, адвокатски, нотарски, трошоци за извршител, за вештачење, сметководствени услуги и услуги за преведување, ревизија административни и судски такси, надоместоци за членови на УО и НО, осигурување на вработените, имотот и возилата. Во делот останати трошоци од работењето зголемен е процентот на реализација во однос на Годишната програма, поради зголемениот износ на данок на добивка и повисоки месечни аконтации за данок на добивка.

Во делот камати од кредити од Годишната програма за 2017 година потрошени се 555.415.731 денар и се во рамките на планираните. Од оваа ставка се исплатени достасаните обврски по основ на камати од земени кредити кон Меѓународните Финансиски институции.

Графички приказ: Учество на поединечните трошоци во вкупните




Во 2017 година за инвестиции на претпријатието потрошени се средства во вкупен износ од 7.761.371.729 денари.

За инвестиции од сопствени средства потрошени се 1.992.217.066 денари. Најголем дел од овие средства во износ од 1.460.684.124 денари исплатени се за делот изградба на државни патишта од Годишната програма и тоа: за Изградба на регионален пат Р2138, врска со регионален пат Р2134, со населбата Сончев Град исплатени се 36.835.346 денари; за Изградба на регионален пат Р29272, делница Опае - Белановце - Станчиќ, граница со Косово исплатени се 88.246.752 денари; за Изградба на клучка на обиколница Скопје, државен пат А2, месност Смилковци исплатени се 3.092.965 денари; за склучени договори за осветлување на клучки или на делови од патиштата исплатени се 33.020.447 денари; за поставување на сообраќајна сигнализација и опрема за зголемување на безбедноста на автопатиштата и за поставување на визуелни бариери и сигнализација на државните патишта потрошени се 33.174.832 денари, за санација и рехабилитација на мостови и свлечишта потрошени се 132.323.317 денари; за останати завршени проекти вратени депозити и завршни работи исплатени се 3.304.573 денари; и 317.166.170 денари исплатени се за поправка и рехабилитација на следниве државни патишта: Рехабилитација на државен пат А2 делница Гостивар (мост кај село Здуње) до село Колари, Санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино - Демир Капија, Итни градежни работи за санација на државен пат А2, Обиколница на Скопје, Рехабилитација на сообраќајна возна лента на државен пат

А1 дел. Велес (Штипска клучка) - Градско и Градско - Велес (Штипска клучка), Рехабилитација на државен пат А3, делница Јанковец - Ресен – Макази, Рехабилитација на државен пат А1 делница од граничен премин Богородица до Гевгелија (лев коловоз), Рехабилитација на државен пат А1, делница од Петровец до Миладиновци и Рехабилитација на државен пат А4, делница од Кадино до Хиподром, Рехабилитација на државен пат Р 1106, дел. мост Близанско -Калуѓерец, Рехаб. на држ. пат Р1302, делница Берово – Струмица, Рехаб. на спори ленти на држ. пат Р1401, Валандовско брдо, Рехабилитација на држ.пат, дел. Сарај до Групчин.

Во инвестициите од сопствени средства влегува и сопственото учество за инвестициите од странските кредити и ДДВ во износ од 813.519.722 денари. Најмногу средства од овој дел и тоа 554.615.015 денари се потрошени за сопственото учество на ЈПДП во Изградбата на автопатот Миладиновци - Свети Николе – Штип и Изградба на автопатот А2, Кичево – Охрид финансирани од кинеската Ексим Банка.

Понатаму, во инвестиции од сопствени средства влегуваат и инвестиционото одржување на патиштата во износ од 162.217.234 денари кое што произлегува од склучен договор со Јавното Претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта "Македонијапат"; експропријацијата на земјиште, објекти, шуми, насади и поседи на делниците за кои што потрошени се 68.092.447 денари; проектна документација за кои што се потрошени 63.962.498 денари и тоа за: Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на државен пат А2, делница Крива Паланка - Деве Баир (граница со Р.Бугарија), Изработка на проектна документација за изградба на мост на државен пат Р2136 на река Пчиња кај Коњаре, Изработка на проектна документација за изградба на мост на државен пат Р2336 (Богомила) и мост на државен пат Р1107 (Ваташа), Изработка на проектна документација за сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А2, делница Скопје-Гостивар и државен пат Р1206, дел.Скопје-Тетово, Дополнување на проектна документација за изградба на Автопат А2, делница Требениште – Струга, Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат А2, делница Куманово - Страцин (Чатал), Изработка на основен проект за изградба на автопат А2, делница Букојчани – Кичево, Изработка на проектна документација за наплатни станици на автопати (Кичево - Охрид, Миладиновци - Штип, Д.Капија - Смоквица - Гевгелија), Изработка на проектна документација за комплетирање на Клучка Хиподром, Изработка на проектна документација за Рехабилитација на државен пат А3, делница обиколница на Кочани, Изработка на проектна документација за Санација и рехабилитација на државен пат Р1205, дел. Крупиште – Пробиштип; Надзор над

изградба и одржување на патиштата во износ од 228.8847.663 денари; и за набавка на опрема и софтвер потрошени се 8.413.100 денари од годишната програма.

За инвестиции од странски средства (кредити) во 2017 година потрошени се 5.769.154.663 денари и тоа финансирани од Светска Банка, Европска Банка за обнова и развој, Европска Инвестициона Банка и Ексим Банка.

За инвестиции финансирани од Светска Банка потрошени се 460.949.483 денари. Овие средства се однесуваат за Проектот за Подобрување на магистрални и регионални патишта и тоа за: Рехабилитација на државен пат А3, делница Кочани – Делчево, Рехабилитација на државен пат А3, делница Битола – Макази, Рехабилитација на државен пат А3, делница Ресен – Буково, Рехабилитација на регионален пат Р2249, Мелнички Мост - Центар Жупа, Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Ново Село - Маврови Анови, Рехабилитација на регионален пат Р2235, Кривогаштани - Обршани - Воѓани, Лазани - Ропотово – Црнилиште, Рехабилитација на регионален пат Р1105, делница Нов Дојран - Николиќ и Р1402, делница Мокрино – Смолари, Подобрување на свлечишта ЛОТ 1: Маврово -Дебар км 14+500, Маврово -Дебар км 43+100, Подобрување на свлечишта ЛОТ 2: Кратово - Страцин; Опеница; Тетово - Попова Шапка км 1+100 и Тетово - Попова Шапка км 4+000, Санација на свлечиште Лот 1: Тетово-Попова Шапка, Маврово-Дебар, Гостивар-Кичево, Санација на свлечиште Лот 2 Лакавица - Неготино, Делчево-Берово, Битола-Новаци, Набавка, инсталација и одржување на бројачи за сообраќај, РАМС Софтвер, мерење на патиштата и консултански услуги.

За проекти финансирани од ЕБОР во 2017 година потрошени се вкупно 778.835.169 денари. За Проектот за регионални и општински патишта потрошени се 138.165.966 денари и тоа за: Реконструкција и рехабилитација на патна делница Велес - Кадрифаково, фаза 2: Рехабилитација: клучка Велес - крај на трета лента (депонија Велес) – Лозово, Реконструкција и рехабилитација на патна делница Велес - Кадрифаково, фаза 3: Лозово - Сарамзалино – Кадрифаково, Рехабилитација на Регионален пат Р2134, дел. Сопиште врска со Р1106, Набавка и поставување на сообраќајни знаци, хоризонтална сигнализација и опрема на магистрални патишта, Сообраќајни знаци со променлива сигнализација која ќе се постави на главните влезови на Скопје. За Проектот за Коридор X за воведување на електронски систем за наплата на патарина повлечени и потрошени во 2017 година се средства од ЕБОР во износ од 98.225.616 денари. За Проектот – Програма за национални патишта потрошени се средства во износ од 542.443.587 денари и тоа за: Изградба на експресен пат А3 Штип - Кочани, Градежни работи на дел. Штип –

Крупиште, Изградба на експресен пат Градско - Прилеп, делница Фариш – Дреново.

За Проектот финансиран од Европската Инвестициона Банка за Коридор X потрошени се средства во износ од 27.380.126 денари.

За Проекти финансирани од Кинеската Ексим Банка во 2017 година потрошени се 4.501.989.885 денари. Потрошените средства финансирани од банката за изградба на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип изнесуваат 1.657.149.490 денари. Додека за изградба на автопатот Кичево – Охрид повлечени и потрошени од банката се средства во износ од 2.844.840.395 денари.

Графички приказ: Поединечното учество на инвестициите од сопствени и странски средства во вкупните инвестиции.






Во 2017 година за отплата на главница за странски кредити потрошени се средства во вкупен износ од 1.460.363.494 денари.

Во следната табела се презентира споредба на Реализацијата на Годишната програма за 2017 година со програмата од претходната година:

| Годишна Програма | Реализација 2017 година | Реализација 2016 година | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ | 6,543,400,336 | 6,385,666,622 | 1.02 |
| **Приходи од работењето** | **4,001,339,693** | **3,903,739,996** | **1.03** |
| Патарина | 2,379,001,697 | 2,308,307,192 | 1.03 |
| Регистрација (патна такса) | 1,589,916,021 | 1,554,411,615 | 1.02 |
| Други приходи од работењето | 32,421,975 | 41,021,189 | 0.79 |
| **Останати приходи** | **2,542,060,643** | **2,481,926,626** | **1.02** |
| Акциза од нафтени деривати | 2,542,060,643 | 2,481,926,626 | 1.02 |
| ПРИЛИВИ | 5,772,189,884 | 9,024,537,583 | 0.64 |
| **Приливи од странски кредити и заеми** | **5,772,189,884** | **9,024,537,583** | **0.64** |
| Кредит од Светска банка | 462,133,721 | 977,047,720 | 0.47 |
| Кредит од ЕБОР | 780,878,752 | 664,038,054 | 1.18 |
| Кредит од ЕИБ | 27,187,526 | 53,463,851 | 0.51 |
| Кредит од Ексим Банка | 4,501,989,885 | 7,329,987,958 | 0.61 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ: | 12,315,590,220 | 15,410,204,205 | 0.80 |
| ТРОШОЦИ | 2,622,853,716 | 2,247,932,030 | 1.17 |
| **Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** | **42,282,773** | **47,285,230** | **0.89** |
| **Трошоци за услуги** | **965,164,633** | **960,527,523** | **1.00** |
| *Тековно одржување на патишта (ЈП Македонијапат) | 805,648,945 | 779,973,833 | 1.03 |
| *Провизија за здруженија за технички преглед | 65,349,431 | 64,935,456 | 1.01 |
| *Останати услуги (Одржување на електроенергетски објекти, систем за видео надзор на НС, комунални услуги, објава на огласи и др.) | 94,166,257 | 115,618,234 | 0.81 |
| **Плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените** | **201,220,420** | **200,400,990** | **1.00** |
| **Останати трошоци од работењето** | **858,770,159** | **541,637,691** | **1.59** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Трансфер до ЕЛС | 300,000,000 | 300,000,000 | 1.00 |
| *Повраток на средства од регистрација | 118,129,253 | 71,942,680 | 1.64 |
| *Банкарски провизии | 29,269,112 | 31,685,222 | 0.92 |
| *Останати трошоци | 411,371,794 | 138,009,789 | 2.98 |
| *- Данок на добивка и платени аконтации за данок на добивка* | *375,485,193* | *23,318,713* | *16.10* |
| *- Судски извршни решенија, трошоци за нотари, извршители, вештачења и др.* | *22,449,835* | *101,788,803* | *0.22* |
| *- Превоз на вработени на НС* | *7,161,612* | *7,049,060* | *1.02* |
| *- Надомест за УО и НО* | *1,501,005* | *1,543,982* | *0,97* |
| *- Трошоци за репрезентација – кафе, чај и вода за пиење (во галони за НС)* | *1,260,002* | *752,003* | *1.68* |
| *- Враќање погрешни уплати* | *2,269,111* | *2,343,150* | *0,97* |
| *- Трошоци за осигурување* | *1,245,036* | *1,214,048* | *1,03* |
| **Финансиски расходи (камати од кредити)** | **555,415,731** | **498,080,596** | **1.12** |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | **7,761,371,729** | **10,817,898,685** | **0.72** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **1,992,217,066** | **1,797,449,692** | **1.11** |
| Градба | 1,460,684,124 | 1,265,774,556 | 1.15 |
| Инвестиционо одржување | 162,217,234 | 174,524,688 | 0.93 |
| Експропријација | 68,092,447 | 38,241,121 | 1.78 |
| Проектирање и надзор | 292,810,161 | 317,261,053 | 0.92 |
| Опрема и Софтвер | 8,413,100 | 1,648,274 | 5.10 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **5,769,154,663** | **9,020,448,993** | **0.64** |
| Инвестиции со кредит од Светска банка | 460,949,483 | 974,808,509 | 0.47 |
| Инвестиции со кредит од ЕБОР | 778,835,169 | 661,835,960 | 1.18 |
| Инвестиции со кредит од ЕИБ | 27,380,126 | 53,816,566 | 0.51 |
| Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 4,501,989,885 | 7,329,987,958 | 0.61 |
| **ОДЛИВИ** | **1,460,363,494** | **1,426,552,511** | **1.02** |
| Одливи за отплата на главница за странски кредити | 1,460,363,494 | 1,426,552,511 | 1.02 |
| ВКУПНО ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ: | 11,844,588,939 | 14,492,383,226 | 0.82 |

Приходите на ЈП за државни патишта во 2017 година во споредба со 2016 година зголемени се за 3%, односно приходот од патарина е зголемен за 3% или за

70.694.505 денари, приходот од регистрација на моторните возила е зголемен за 2% или за 35.504.406 денари и приходот од акциза споредбено со 2016 година е зголемен за 2% или за 60.134.017 денари. Во вкупен износ ЈПДП има остварено повеќе приходи во 2017 година споредбено со 2016 година на износ од 166.332.928 денари.

Реализацијата на вкупните трошоци, инвестиции и одливи за 2017 година е намалена во однос на 2016 година. Ова произлегува од делот инвестиции, и тоа од ставката инвестиции од странски кредити. Во 2017 година помала е реализацијата во однос на претходната година на инвестициите од кинеската Ексим банка.

# VI. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Во овој дел е прикажано движењето на приходите, расходите и остварената добивка во 2017 година, споредено со истите во претходната година.

Приходите се признаваат доколку е веројатно дека идните економски користи ќе бидат прилив за Претпријатието и доколку овие користи може веројатно да се изменат. Приходите на Претпријатието се економски користи кои настануваат во текот на разгледуваниот период, кои произлегуваат од редовните активности на Претпријатието.

Во 2017 година ЈП за државни патишта оствари приходи во вкупен износ од 8.997.297.157 денари. Од кои приходи од надоместоци за 2017 година изнесуваат 6.415.542.398 денари, останати финансиски приходи изнесувааат 48.033.083 денари и приходите од финансирање изнесуваат 2.533.721.676 денари. Споредбено со 2016 година кога вкупните приходи изнесуваат 6.352.384.970 денари, овој износ е зголемен 42%.

Табеларен приказ на вкупно остварените приходи споредбено со претходната година:

| Ред. Бр. | Приходи | 2017 година | 2016 година | индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од надоместоци | 6,415,542,398 | 6,255,622,530 | 1.03 |
| 2 | Останати приходи | 48,033,083 | 64,493,538 | 0.74 |
| 3 | Финансиски приходи (позитивни курсни разлики, камати) | 2,533,721,676 | 32,268,902 | 78.52 |
| | Вкупно: | 8,997,297,157 | 6,352,384,970 | 1.42 |

Графички приказ на приходите споредбено со 2016 година:




Вкупните приходи се зголемени, најмногу поради зголемувањето на финансиските приходи, кои се однесуваат во најголем дел на позитивните курсни разлики.

Расходите се признаваат во билансот на успех кога се јавува намалување на идните економски користи поврзано со намалување на дадено средство или зголемување на дадена обврска кое може веродостојно да се измери. Расходите се признаваат врз основа на нивната директна поврзаност помеѓу направените трошоци и заработувањето на конкретните приходи.

Во 2017 година ЈП за државни патишта оствари расходи во вкупен износ од 3.471.437.667 денари. Од кои трошоците од основна дејност за 2017 година изнесуваат 1.190.571.527 денари, трошоците за амортизација изнесуваат 1.590.146.421 денари, трошоци за вработени изнесуваат 210.862.681 денари, останатите трошоци изнесуваат 344.923.011 денари и расходите од финансирање кои изнесуваат 134.834.027 денари. Споредбено со 2016 година кога вкупните расходи изнесуваат 4.075.686.197 денари, овој износ е намален за 15%.

Табеларен приказ на вкупно остварените расходи споредбено со претходната година:

| Ред. Бр. | Расходи | 2017 година | 2016 година | индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци од основна дејност | 1,190,571,527 | 1,179,397,237 | 1.01 |
| 2 | Трошоци за амортизација | 1,590,146,421 | 1,542,718,706 | 1.03 |
| 3 | Трошоци за вработените | 210,962,681 | 210,422,221 | 1.00 |
| 4 | Останати трошоци | 344,923,011 | 364,986,131 | 0.95 |
| 5 | Финансиски расходи | 134,834,027 | 778,161,902 | 0.17 |
| | Вкупно: | 3,471,437,667 | 4,075,686,197 | 0.85 |

Графички приказ на приходите споредбено со 2016 година:




Вкупните расходи за 2017 година се намалени во однос на претходната година поради намалувањето на финансиските расходи, односно намалувањето на пресметаните негативни курсни разлики во однос на 2016 година.

Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година оствари добивка од 5.178.880.138 денари. Во 2016 година претпријатието оствари добивка во износ од 2.067.617.292 денари.

Табеларен приказ на финансискиот резултат во 2017 година споредбено со претходната година:

| Финансиски резултат | 2017 | 2016 | индекс 2017/2018 |
|---|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | 5,525,859,490 | 2,276,698,773 | 2.43 |
| Данок на добивка | 346,979,352 | 209,081,481 | 1.66 |
| Нето добивка | 5,178,880,138 | 2,067,617,292 | 2.50 |

# VII. ИНВЕСТИЦИИ

## 1. Инвестиции со сопствени средства

### 1.1 Градба

- **Сончев град**

Градежните работи комплетно се завршени. Поради појава на свлечиште потребно е да се извршат измени во тек на градба. По направените измени ќе се изврши технички преглед и ќе се аплицира до МТВ за употребна дозвола на патот.

- **Опае – Бељаковце – Станчиќ – граница со Косово**

Во текот на месец март 2014 година отпочната е изградба на регионален пат Опае – Бељаковце – Станчиќ – граница со Косово во должина од 16км. Градежните работи комплетно се завршени. По решавање на дополнителната експропријација која се јави поради измените настанати во тек на градба, ќе се организира технички прием и ќе се аплицира до МТВ за употребна дозвола на патот.

- **Изградба на клучка на обиколница Скопје, државен пат А2, месност Смилковци**

Пристапните рампи 3 и 4 на автопатот А2, правец с.Смилковци – Бутел од страна на с.Смилковци се целосно асфалтирани и поставени се канделабрите кои ќе служат за осветлување на клучката, исчистени се одводните канали и асфалтирани се влезно – излезните ленти на автопатот. На пристапните рампи 1 и 2, од другата страна на автопатот односно правец Бутел – с.Смилковци завршено е со тампонирање, расчистување на одводните канали, поставени се канделабрите кои ќе служат за осветлување на клучката. Кога ќе се обезбедат поволни временски услови ќе се пристапи кон асфалтирање. Завршено е со асфалтирање. Преостанува да се постави сообраќајна сигнализација.

Градежните активности се завршени во 2017 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 100%.

- **Рехабилитација на автопатска делница Неготино – Демир Капија, во должина од 8,8км**

Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 45%. Продолжен е рокот на Изведувачот до 01.07.2018 година.

- **Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка – Здравствен дом Вевчани, општина Вевчани во должина од 642 м**

Потпишан е Договор со Изведувач. Градежните работи ќе отпочнат откако ќе се добие одобрение за градење.

- **Рехабилитација на државен пат А2 делница од Гостивар (мост кај село Здуње) до село Колари во должина од 28,50 км**

ЈП за државни патишта на ден 05.09.2016 година распиша јавен оглас за избор на најповолен понудувач за градежни работи за патот. Потпишан е Договор со Изведувач. Времетраењето на градежните работи е 15 месеци односно до 01.06.2018 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 20%.

- **Санација на 5 (пет) мостови на државен пат А2 делница од Гостивар (мост кај село Здуње) до село Колари**

ЈП за државни патишта во текот на 2016 година распиша јавен оглас за избор на најповолен понудувач за градежни работи за патот. Потпишан е Договор со Изведувач.

Предвиденото Времетраење на градежните работи е 15 месеци односно до 01.06.2018 година. Отпочнато е со санација на еден мост истиот е завршен со горен строј и асфалтна конструкција од едната страна.

Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 14%.

- **Рехабилитација на мостови и тунели**

Во текот на 2016 година извршени се следниве активности во делот **на изградба и санација на мостови, тунели и друго:**

- Санација на мост на магистрален пат А2, делница Гостивар – „Стража“, (пред “Стража“)
- Санација на мост на регионален пат Р1308 на Брајчинска река
- Санација на мост на регионален пат Р2338 на Елешка река
- Санација на мост на регионален пат Р2132, на река Треска (кон Самоков)- започнат 2015г.

- **Рехабилитација на државен пат Р1106 делница Мост Близанско – Калуѓерец во должина од 14,50 км**

Потпишан е Договор со Изведувач. Изведувачот е воведен во работа во февруари 2017. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 90%.

- **Рехабилитација на сообраќајна возна лента на државен пат А1 делница Велес (Штипска клучка) – Градско и Градско – Велес (Штипска клучка)**

Градежните работи комплетно се завршени. Направен е интерен технички прием на 27.12.2017 година. Патот е во гарантен период од 2 години.

- **Рехабилитација на државен пат Р1102, делница Петровец – Катланово во должина од 5,3км**

Потпишан е Договор со Изведувач на 13.10.2017 година. Продолжен е рокот на Договорот до 31.05.2018 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 5%

- **Рехабилитација на државен пат Р2234, делница Пршовце – Јегуновце во должина од 5км**

Потпишан е Договор со Изведувач на 13.10.2017 година. Продолжен е рокот на Договорот до 15.05.2018 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 5%.

- **Рехабилитација на државен пат Р1202, делница Кружен тек Р1201 – ГП Блато во должина од 5,3км**

Потпишан е Договор со Изведувач на 13.09.2017 година. Изведувачот е воведен во работа на 08.11.2017. Рок за реализација до 08.04.2018. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 5%.

- **Рехабилитација на државен пат Р1301, делница Охрид кај бензинска пумпа Биљанини извори (Туристичка лев и десен коловоз) – Коњско (Хотел Метропол) во должина од 6,0км.**

Потпишан е Договор со Изведувач на 01.11.2017 година. Изведувачот е воведен во работа на 18.12.2017 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 2%.

- **Итни градежни работи за санација на државен пат А2, Обиколница на Скопје.**

Потпишан е Договор со Изведувач. Изведувачот е воведен во работа во октомври 2016. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 99%

- **Рехабилитација на државен пат А1, делница од граничен премин Богородица до Гевгелија (лев коловоз)**

Врз основа на Покана за повторно прибирање на понуди врз основа на повеќекратна рамковна спогодба за Поправка и рехабилитација на автопатски и магистрални делници.

Потпишан е Договор со изведувач на 27.02.2017 година. Изведувачот е воведен во работа 27.03.2017година. Рок за реализација до 27.09.2017 година. Градежните работи се комплетно завршени. Направен е технички прием на 01.12.2017 година. Патот е во гарантен период од 2 години.

- **Поставување на сообраќајна сигнализација и опрема за зголемување на безбедноста на автопатиштата.**

  Потпишан е Договор со изведувач на 10.01.2017 година. Изведувачот е воведен во работа на 23.02.2017 година. Градежните работи се комплетно завршени. Направен е технички прием на 30.10.2017 година.

### 1.2 Рехабилитација на мостови и тунели

Во текот на 2017 година извршени се следниве активности во делот на изградба и санација на мостови:

- Санација на мост на регионален пат Р2137, на река Вардар кај с. Војшанци
- Изградба на плочест пропуст на река Вратничка, кај с. Дворце на регионален пат Р2234, Кондово-Јегуновце

### 1.3 Осветлување

Реализацијата на договорот за Осветлување на дел на автопат А2 и А4 (делница клучка Хиподром – клучка Белви - клучка Илинден и делница клучка Илинден - клучка Кадино) е започната во 2017 година и истиот ќе биде завршен во 2018 година. Осветлена е патна делница во должина од околу 12 километри. Вкупно се поставени 276 канделабри со 585 светилки.

Договорот за Осветлување на регионален пат Р1105 (делница Дојран – граница со Р.Грција) е склучен во 2016-та година. Работите се започнати и завршени во 2017-та година. Осветлувањето е во должина од околу 500-ини метри.

## 1.4 Инвестициско одржување

Одржувањето на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија во текот на извештајниот период се вршеше согласно програмата и динамичките планови на ЈП “Македонија пат”, а усогласени со ЈПДП. Приоритет во одржувањето на патната мрежа беа работите кои обезбедија безбедно одвивање на сообраќајот и воедно го продолжија периодот на траење на дел од патната инфраструктура.

Согласно Договорот за одржување склучен со ЈП Македонијапат, во позицијата **4.1. Надградување и поправка на коловози** реализирани се работи на следните патни правци:

1. P1206 Тетово-Пирок-Гостивар
2. P21206 Сарај-Групчин
3. P2234 Кондово - Радуша
4. P29281 Ранковце-Ветуница-Крилатица
5. P29274 Лешок-Сиричино-Прељубиште-Јегуновце
6. P2239 Врска со А2/А4-Чучер Сандево
7. P2239 Гостивар-Вруток
8. P1203 Тетово-А2 граница со Косово
9. P2434 Попчево-Белотино-Рич
10. P2345 Врска со P1304-Виница-Бигла-Врска А3
11. P2334 Карбинци-Зрновци-Виница
12. P2334 Карбинци-Теранци
13. P-2336 Стари Град (врска со P1312)-Богомила
14. P2338 Прилеп-Кадино село-Боротино
15. P2241 Бороец-Јабланица
16. P2243 Струга-Дрслајца-Бицова-Татеши
17. P1311 Битола-Суводол-Рапеш-Старавина
18. P2338 Меџитлија-Кременица-Скочивир
19. P1101 Прилеп-Битола
20. P1303 Кичево-Македонски брод
21. P2231 Туин-Осломеј-врска со А2
22. P2347 с.Кажани-с.Лера

## 1.5 Инфраструктурни проекти

Во текот на 2012 година се започна, но до крајот на 2017 година не се заврши следниот проект:

- Изработка на техничка документација на ниво на проект за Инфраструктура и Основен проект за магистрален патен правец А3, делница Охрид – Пештани, врска на А3 со Охрид (бензинска пумпа) и врска на А3 со Р1301 (Пештани).

Во текот на 2013 година се започна, но до крајот на 2017 година не се заврши следниот проект:

- Изработка на проектна документација за изградба на магистрален (експресен) пат А3, делница Пештани – Граница со Р. Албанија.

Во текот на 2016 година беа почнати, но до крајот на 2017 година не беа завршени следните проекти:

- Изработка на проектна документација за наплатни станици на автопати (Кичево – Охрид, Миладиновци – Штип, Д.Капија – Смоквица - Гевгелија);
- Изработка на проектна документација за Рехабилитација на државен пат А2, делница Куманово – Страцин (Чатал);
- Изработка на проектна документација за Реконструкција и рехабилитација на државен пат А2, делница Крива Паланка – Деве Баир (Граница со р. Бугарија);
- Изработка на Проектна документација на ниво Основен проект заизградба на Автопат А2 Гостивар – Кичево, делница: Букојчани – Кичево;

Во текот на 2016 година беа почнати и до крајот на 2017 година беа завршени следните проекти:

- Изработка на проектна документација на ниво Основен проект за Рехабилитација на државен пат А3, делница: Обиколка на Кочани;
- Изработка на Проектна документација на ниво Основен проект за Рехабилитација на државен пат Р1205, делница: Крупиште – Пробиштип;
- Изработка на проектна документација за комплетирање на клучка Хиподром

Во текот на 2017 година беа почнати и до крајот на 2017 годината не беа завршени следните проекти:

- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат Р1202 Маврови Анови -Жировница;
- Изработка на проектна докум. за рехаб. на држ. пат А1, делница Катланово - Петровец на ниво на стандарден автопат и рехаб. на двата коловози;
- Изработка на проектна докум. за градежно санациони работи на мост бр. 9 р.Петрошница на А2 (Куманово - К.Паланка), мост бр. 36 на А2 (Куманово - К.Паланка), мост бр. 1 р.Лакавица на Р1103 (Лакавица - Неготино) и мост бр. 10 (врз железница) на Р1103;
- Изработка на проектна документација за градежно санациони работи на мост на р.Пчиња Р1204, делница Куманово - Св.Николе

### 1.6. Експропријација

Во 2017 година исплати се вршени по основ на спогодби за експропријација, судски порамнувања, судски решенија и решенија за времени застапници во постапките за експропријација за следните проекти:

- Изградба на Автопат А2 Кичево – Охрид во должина од 56,7 км;

Автопатот А2, делница Кичево-Охрид е поделен на 5 подделници.Постапката за експропријација на земјиште за главната траса е спроведена.Постапката за експропријација на вкупно 9-девет Одлагалишта и 4-четири Клучки (Арбиново, Издеглавје, Ботун и Мешеиште) е спроведена.Постапката за експропријација на Денивелиран патен јазол Требениште, на Патен јазол Подмоље и Патен јазол Аеродром Св.Апостол Павле е спроведена.

Во тек се вонпарнични постапки за утврдување на надомест за експроприран имот пред Основен суд Кичево и Охрид и Апелационен суд Битола и Гостивар.

Во текот на 2017 година е започната експропријација на 7-седум Одлагалишта, 9-девет Косини и на Клучка Извор. Постапката за експропријација на Одлагалиштата и Косините сеуште е во тек, а постапката за Клучката е завршена. Постапката за Клучка Кнежино е стопирана поради промена на проектот.Заклучно со 2017 година постапката за експропријација на триесетина објекти кои се наоѓаат на траса сеуште не беше завршена, поради што целосно не е спроведена постапка за уривање на истите.

- Изградба на Автопат Миладиновци-Свети Николе-Штип во должина од 47 км;

Постапката за експропријацијата на земјиштето е завршена, останати се само неколку постапки кои се водат пред основните судови за определување надоместок за експроприраниот имот.

- Изградба на А1 Прилеп-Градско од мост на река Раец преку ДПЈ Дреново до ДПЈ Градско во должина од 25,7 км;

Постапката за експропријацијата на земјиштето заклучно со 2017 година е завршена 99%, во тек се неколку постапки за определување надоместок за експроприран имот.

- Рехабилитација и подобрување на коловозот на државен пат Р2133 делница с. Ропалце до с. Матејче и Реконструкција и Рехабилитација на делови од регионалниот пат Р2133 делница Матејче-Липково;

Постапката за експропријацијата заклучно со 2017 година е завршена 99%, во тек се неколку постапки за определување надоместок за експроприран имот.

- Изградба на А2 делница Ранковце-Крива Паланка на ниво на експресен пат поделен во 2 лота со 10 одлагалишта, лот 1 од км 0+000 до км 10+308 и лот 2 од км 10+308 до км25+850;

Постапката за експропријацијата на земјиштето за експресниот пат и 10-те одлагалишта започна во втората половина од 2017 година, откако беше комплетирана целокупната потребна документација (одобрени проекти за инфраструктура и изготвени процени од Биро за судски врштачења за висината на надоместокот за експроприраниот имот).Со оглед дека имаше забелешки од страна на Светска банка поради доцнење на проектот заради воопшто неотпочнати постапки за експропријација, од страна на в.д Директорот на ЈП за државни патишта се иницираа неколку состаноци во Министерство за транспорт и врски и Министерство за финансии и се формираа тимови од сите надлежни институции со цел забрзано да се спроведе експропријацијата.Заклучно со 2017 година се спроведе 59% експропријација на земјиштето за 6 одлагалишта и 20% експропријација на земјиштето од лот 2.

- Изградба на Регионален пат Р2-138 (303) дел од крстосница со постојниот пат кон Водно до крстосница со Р2134 во Сопиште

Во текот на 2017 година склучени и исплатени се вкупно 1 (спогодби, решенија за времени застапници) за земјиште, насади, шумска маса и објекти;Експропријацијата на недвижен имот кој е приватна сопственост е целосно завршена.

- Изградба на експресен пат А3 Штип-Кочани, прва секција од км 0,00 до км 14+300 и втора секција од км 14+300 до км 28+057,44.

Во текот на 2017 година започна постапка за експропријација за двете секции и заклучно со 2017 година експропријацијата за прва секција е завршена 98%, а за втора секција експропријацијата е завршена околу 60%.;

- Изградба и реконструкција на делница Старо Коњарево – Ново Коњарево како дел од државен пат Р1402 (Р-605);

Постапката за експропријација на земјиштето е започната во текот на 2017 година и заклучно со 2017 година експропријацијата е завршена 40%.

- Изградба на државен пат А4, делница Штип- Радовиш од км 7+463,31 до км 37+200,00;

Постапката за експропријација на земјиштето е започната во текот на 2017 година и заклучно со 2017 година експропријацијата е завршена 90%, што претставуваше добра основа за започнување со изградба на експресниот пат и немање препреки да се работи на трасата на која се протега патот.

- Изградба на државен пат Р2246, делница Гарски мост-Ехловец (Извор) од км 8+223,22 до км 16+000,22;

Експропријацијата е започната во текот на месец февруари 2017 година и заклучно со 2017 година експропријацијата е завршена 87%.

- Изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси.

Експропријацијата е започната во текот на месец април 2017 година, а заклучно со декември 2017 година експропријацијата е завршена 34% .

Одделението за правни работи и подготовка на постапка за експропријација во чија недлежност е преземање на сите потребни дејствија во врска со постапките за експропријација работеше само со двајца вработени-советници за експропријација, но поради зголемениот обем на работа и откако се увиде дека е неопходно потребно да се зголеми бројот на лица кои ќе работат на предметите за експропријација, од страна на в.д. Директорот се иницираше преземање припремни дејствија за вработување на нови лица заради комплетирање на наведеното одделение со ново вработени кои ќе работат на предметите за подготовка и следење на експропријацијата.

## 2. Инвестиции со странски кредити и донации

## 2.1 Проекти финансирани со заем од Светска банка

Договорот за Заем од Светска Банка за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистрални и регионални патишта склучен е на износ од **52.000.000 ЕУР.** Крајниот рок за затворање на заемот е 2019 година, а салдото на неповлечени средства од кредитот изнесува **22,02 мил.ЕУР.**

Во текот на 2017 година завршени се следните магистрални и регионални патишта:

1. Магистрален пат А3, делница Битола – Макази
2. Регионален пат Р1202, делница Бошков Мост – Дебар

Во текот на 2018 година се очекува да се заврши следниот магистрален пат:
1. Магистрален пат А3, делница Кочани – Делчево

Во текот на 2017 година завршени се следните свлечишта и нестабилни зони:
1. Регионален пат Р1209, Тетово – Попова Шапка на км. 3+500
2. Регионален пат Р1209, Тетово – Попова Шапка на км. 10+000
3. Магистрален пат А2, Гостивар – Кичево (кај Церово) на км 100+670
4. Регионален пат Р1202, Маврово – Дебар на км. 24+400
5. Регионален пат Р1302 Делчево – Берово од км 2+700 - 2900 и
6. Регионален пат Р1311 Битола – Новаци на км 1+900.

о текот на 2018 година се очекува да се завршат следните свлечишта и нестабилни зони:
1. Регионален пат Р1202, Маврово – Дебар на км. 43+100
2. Регионален пат Р1103 Лакавица – Неготино на км 7+200

Договорот за Заем од Светска Банка за финансирање на Проектот за надградба и подобрување (Ранковце – Крива Паланка) склучен е на износ од **83.000.000 ЕУР.** Во 2017 година се вршеше евалуација за избор на најповолен понудувач за изградба на експресен пат Ранковце – Крива Паланка.

## 2.2 Проекти финансирани од Европска банка за обнова и развој

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за постојните регионални и општински патишта склучен е на износ од

**50.000.000 ЕУР**. Делницата Велес – Кадрифаково, III фаза, Лозово – Сарамзалино – Кадрифаково е комплетрно изведен во 2017 година. Преостанува да се изгради во 2018 година паралелен пат кај Кадрифаково. Исто така, од овој заем во 2017 година комплетно е извршена Рехабилитација на регионален пат Р2134 делница, Сопиште – Говрлево. Во врска со Договорот за Осветлување и светлосна сигнализација-Сообраќајни знаци со променлива содржина кои ќе се поставaт на главните автопатски влезови на Скопје, реализацијата на договорот е започната во март 2017 година и ќе заврши до јуни 2018 година. Со договорот се постави осветлување на една патна делници и шест клучки на автопат А2, и тоа на Клучки: Брвеница, Камењане, Жеровјане, Неготино – Полошко, Врапчиште, Скопје запад – влез и излез (клучка Сарај) и делница клучка Матка – клучка Скопје запад (клучка Сарај). Осветлена е патна делница во должина од околу 12,2 километри. Вкупно се поставени 278 канделабри и 328 светилки. Поставени се три сообраќајни знаци со променлива содржина на автопатските главни влезови на Скопје на 3 локации: на Автопат А2, клучка Скопје запад (клучка Сарај), микролокацијата е на делот од патот за влез кон Скопје и почеток на северната обиколница на Скопје; на Автопат А1, делница Катланово – Велес, микролокацијата е 800 метри јужно од раскрсница Катланово; на Автопат А1, делница Велес – Петровец, микролокацијата е во непосредна близина каде што се дели патот за влез кон Скопје и кон Меѓународниот Аеродром Скопје.

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на "Изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини во Република Македонија" склучен е на износ од **15.880.000 ЕУР**. Со овој договор се опфатени модернизација на 3 постоечки Наплатни станици и изградба на 4 нови Наплатни станици долж Коридорот 10. Проектирањето за сите наплатни станици е завршено во тек на месец Септември 2016 год. Подолг период течеа процедурите за добивање на одобренија за градење за некои Наплатни станици по следниов приоритет: НС Петровец, НС Градско, НС Сопот, НС Отовица, НС Демир Капија и НС Гевгелија.

Во текот на 2016 после завршена ревизија се одобруваа Проектите за Инфраструктура и Траен режим на сообраќај додека во текот на 2017 год. се поднесуваа проектите за мислење на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, откако се добиени сите претходни согласности на почетокот на 2017 год. се аплицираше преку електронскиот систем за Одобренија за градење. Во фазата на добивање на одобренија за градење се добиваа одредени забелешки на проектната документација од страна на Министерството за транспорт и врски, при што проектантот на проектната документација беше

должен да ги отстрани забелешките и повторно да ги однесе проектите електронски да се пре-потпишат од ревидентот, па потоа повторно да се аплицираат на електронскиот систем за Одобренија за градење.

За првата Наплатна Станица Романовце во 2017 година комплетно се завршени градежните работи. За наплатната станица Петровец, Сопот, Отовица, Градско добиени се одобренија за градење во периодот јули-септември 2017 година. Додека за останатите 2 наплатни станици (Д.Капија и Гевгелија) за кои е предвидена изградба, сеуште се во тек процедурите за обезбедување на потребните согласности и решенија од релевантни институции, по што ќе следи поднесување на барање за одобрение за градење за секоја наплатна станица поединечно.

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за магистрални патишта склучен е на износ од **181.000.000 ЕУР**.

Преку овој договор се финансира изградбата на експресен пат А1, Градско – Прилеп, делница Фариш – Дреново **(10,197 км)**".Договор со Изведувачот е потпишан во Јануари 2016. Отпочнато е со градежни работи во мај 2016, Изведувачот има пробиено 85% од трасата, ископ на земја, изработка на насип, бетонирање на 3 единечни и 4 дупли моста (вкупно 11 објекта), бетонирање на 3 потпатника, бетонирање на 5 потпорни ѕида и изработка на 11 цевасти пропуста, а времетраењето на градежните работи е планирано да биде 24 месеци.

**Вкупниот прогрес изнесува 26%, односно прогресот на градежните работи изнесува 15%.**

Исплатени средства заклучно 18.12.2017: 509.713.544,00 денари (8.225.445,00 еур)

**Проблеми:**

- Слаб прогрес на работите од страна на изведувачот поради неорганизираност и лошо раководење
- Каснење од страна на надлежните институции за третирање на археолошки наоѓалишта поради кои издадено е Решение за забрана за изведување на било какви градежни работи на 15% од целокуоната должина на трасата и едно одлагалиште за ископан материјал.
- Неусогласеност на проектната документација со реалната состојба на терен
- Недостатоци во проектната докуметација
- Непредвидени геолошки услови при фундирање на објекти и изведба на ископи
- Подземна инфраструктура која се евидентира и инвентаризира на лице место
- Три објекти на траса за кои се водат постапки:
    - За два објекти поднесено е барање за легализација до општина Кавадарци
    - За еден ден објект се води судска постапка
- Предвидени еколошки ограничувања каде изведбата се одвива во посебни услови

- На дел од трасата каде условите за работа се многу тешки и каде се сретнавме со непредвидени геолошки услови за изведба на тунел со две цевки (вкупна должина 1.600m), Изведувачот достави нацрт предлог за вредносно инженерство кој е во процедура.

Од Изведувачот се очекува да поднесе барање за продолжување на рокот на изведба на градежните работи.

Кон крајот на 2016 година е избран најповолен понудувач за изградба на експресен пат Штип – Крупиште. Изградба на нов експресен пат на делница Штип – Кочани, во должина од 28 км, 1 фаза е Штип – Крупиште и 2 фаза Крупиште – Кочани. Тендерот за претквалификација за изградба на 1 фаза (должина 14,30км) беше распишан во 2016 година и потпишан е Договор со избраниот изведувач на работите. Градежните работи започнаа во 2017 година и до крајот на годината прогресот на градежните работи изнесува 18%.

**Проблеми:**

- Слаб прогрес на работите од страна на изведувачот поради неорганизираност и лоша методологија на градба.
- Неусогласеност на проектната документација со реалната состојба на терен
- Недостатоци во проектната докуметација
- Непредвидени геолошки услови при ископ и изведба на насипи
- Подземна и надземна инфраструктура која се евидентира и е во тек се процедури со сопствениците на тие инсталции за нивна дислокација или заштита (ЕВН, Мепсо, Телеком, Неотел итн.).
- На дел од новопроектираната траса е во колизија со асфалтната база на Изведувачот Синохидро кој има валидна дозвола за работа.

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на Штип - Радовиш склучен е на износ од **64.000.000 ЕУР**. Во текот на 2017 година водена е тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изградба на фаза 1 од делницата Штип-Радовиш (во должина од 23,56 км.) која ќе се гради по нова траса. Тендерската постапка е завршена и потпишан е Договор со најповолниот понудувач за изградба на фаза 1.

### 2.3 Проект за техничка помош при имплементација на проектот за доизградба на Коридор X, делница Демир Капија - Смоквица, финансиран од ЕИБ

Со средства од Европската Инвестициска Банка се финансираат консултантски услуги за техничка помош при имплементација на Проектот за

доизградба на Коридор  X, делница Демир Капија-Смоковица. Договорот ќе трае 74 месеци и е потпишан со компанијата Safege од Франција.

Во согласност со член 5 од Законот за задолжување на Република Македонија со првиот дел од Заемот од ЕИБ, финансискиот договор за проектот за изградба на автопатот на Коридор 10, делница Демир Капија-Смоквица, предвидено е повлекувањата на средствата по наведениот проект да ги спроведува Министерството за финансии, согласно процедурите наведени во финансискиот договор, додека плаќањата за предметниот договор е предвидено да ги спроведува ЈПДП.

**2.4 Проекти финансирани од Кинеската Ексим Банка**

Во текот на мај 2014 година отпочната е изградбата на автопатот Миладиновци – Штип во должина од 47 км.

Согласно склучениот договор за изградба на автопат Миладиновци-Штип со изведувачот Синохидро Корпоратион лимитед Кина, рокот за завршување на работите предвиден со договорот е 01.05.2017 година.Во текот на 2017 година од страна на надзорот над изградбата на автопат Миладиновци-Штип доставени се дописи со укажување за продолжување на рокот за завршување на проектот и дадено мислење дека треба да се скучи Анекс на договорот за продолжување на крајниот рок за завршување до 30.09.2018 година, без финансиски надомест.Како причини за продолжување на рокот наведени се значителни измени и зголемувања на количини и обем на работа на позиции или се однесуваат на работи кои не можеле да бидат предвидени со проектната документација, потреба од дополнителни работи, потреба од дополнителна експропријација, дислокација на околу 24 далноводи на ЕВН, дислокација на подземна инфраструктура.Од страна на надзорот на изградбата е предложено изведувачот да се откаже од сите доставени оштетни побарувања и шест месеци за достава на нови оштени побарувања, како и инвеститорот да се откаже од оштени побарувања.

Во месец октомври 2017 година се потпиша Анекс кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци-Свети Николе-Штип заведен со бр.08-9013/1 од 12.11.2013 година, откако претходно се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид објавен во Службен весник на РМ бр.134 од 22.09.2017 година.

Во наредниот период се одржаа интензивни состаноци во Министерство за транспорт и врски заради издавање на одобренија за дислокација на далноводи кои беа во колизија со трасата на автопатот и мораше да се отстранат за да може да

се заврши изградбата и се започна со дислокација на далноводи од страна на ЕВН, Започнати се постапки за препроектирање на клучки и сервисни патишта.

Вкупниот прогрес на градежните работи заклучно со декември 2017 година е 76%.

Договорот за Заем со Ексим Банка - Кина за изградба на автопатот Миладиновци – Штип склучен е на износ од 278.374.072 УСД. Салдото на неповлечени средства изнесува 120.928.437 УСД.

Во текот на мај 2014 година отпочната е изградбата на автопатот Кичево – Охрид како дел од Коридор 8, со должина од 56,7 км.

Согласно склучениот договор за изградба на автопат Кичево-Охрид со изведувачот Синохидро Корпоратион лимитед Кина, рокот за завршување на работите предвиден со договорот е 29.01.2018 година.

Во текот на 2017 година и претходно надзорот над изградбата на автопат Кичево-Охрид има доставено повеќе дописи со кои укажува на проблеми на траса поради неусогласеност на проектната документација со реалните услови на терен, променливата геологија, појавената потреба од препроектирање на постоечка документација (препроектирање на тунелот за кој немало геомеханичи испитувања и погрешна категоризација, препроектирање речиси на сите потпорни зидови, поголем дел од усеците, вијадуктите, мостовите, натпатниците, потпатниците, плочестите и цевасти пропусти и друго), дислокација на електро водовите, експропријација на објекти на траса, како и изработка на нова проектна документација за позиции кои не беа предвидени со Основниот Проект, а се неопходни за правилно функционирање на Автопатот и појавена потреба од дополнителни и нови работи, а со тоа и зголемен обем на работа.Надзорот укажува за потребата од продолжување на рокот за завршување на работите и за потребата од дополнителни финансиски средства.

Во текот на месец ноември 2017 година се започна со интензивни разговори и одржани се многу состаноци со изведувачот Синохидро Корпоратион Лимитед, на кои присуствуваа преставници од кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, заради продолжување на рокот за завршување на работите, надминување на многубројните проблемите во врска со изградбата на автопатот и изнаоѓање на најдобро можно решение за целосна реализација на проектот од јавен интерес, за кој имаше укажување од надзорот дека доколку се прекине штетните последици по однос на инвеститорт ќе бидат многу големи.

## VIII. ЈАВНИ НАБАВКИ

Јавните набавки на ЈПДП во текот на 2017 година се вршеа согласно усвоениот План за јавни набавки, кој поради новонастанати потреби, во текот на годината беше изменет и дополнет двапати.

Во текот на 2017 година ЈПДП спроведе постапки за следните јавни набавки:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Вредност на договор со ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на ЛЕД дисплеи | 590.000,00 |
| 2 | Услуги за мобилна телефонија во времетраење од две години | 4.720.000,00 |
| 3 | Безалкохолни пијалоци | 778.800,00 |
| 4 | Одржување на згради и објекти | 1.180.000,00 |
| 5 | Санација на свлечиште на државен пат А3,обиколница на Битола | 14.102.160,54 |
| 6 | Надзор на изградба на 4 наплатни станици , НС Миравци (автопат А1, Д.Капија –Смоквица),наплатни станици "Преод" и "Кадрифаково" (автопат А4,Миладиновци – Штип и наплатна станица "Арбиново" ( автопат А2, Кичево-Охрид); | 19.942.000,00 |
| 7 | Колективно осигурување на вработените,осигурување од автоодговорност ,каско осигурување на возилата и осигурување на имот | 1.273.865,00 |
| 8 | Канцелариски материјали | 386.890,00 |
| 9 | Изработка на проектна документација за реконструкција на државен пат А1, делница Катланово-Петровец на ниво на стандарден автопат и рехабилитација на двата коловози | 9.440.000,00 |
| 10 | Одржување и надградба на постоечки електронски систем за наплата на патарина во времетраење од две години | 7.080.000,00 |
| 11 | Изработка на проектна документација за градежно санациони работи на мост бр.9 р.Петрошница на А2(Куманово-К.Паланка),мост бр.36 на А2(Куманово-К.Паланка),мост бр.1 р.Лакавица на Р1103 (Лакавица-Неготино) и мост бр.10 ( врз железница) на Р1103 | 2.124.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Надзор на изградба на мост на државен пат Р2136 на река Пчиња кај Коњаре | 3.525.840,00 |
| 13 | Косење трева и плевел,расчистување грмушки,кастрење гранки и сечење дрва во патен појас на автопат во времетраење од три години | 35.400.000,00 |
| 14 | Надзор на Градежно санациони работи на мост бр.1, р.Вардар кај Удово, на Р1105 | 2.855.600,00 |
| 15 | Градежно санациони работи на мост бр.1, р.Вардар кај Удово, на Р1105 | 91.680.644,00 |
| 16 | Електрична енергија во времетраење од две години | 118.000.000,00 |
| 17 | Чистење патни канавки и канали | 11.800.000,00 |
| 18 | Изработка на проектна документација за Градежно санациони работи на мост на р.Пчиња , на Р1204,делница Куманово-Свети Николе | 3.504.600,00 |
| 19 | Изработка на геодетски елаборати | 11.800.000,00 |
| 20 | Набавка на кафе и други материјали за приготвување на топли напитоци | 462.428,00 |
| 21 | Одржување на софтвер за канцелариско и архивско работење | 507.872,00 |
| 22 | Набавка на кабини за наплатни станици | 11.867.024,00 |
| 23 | Поставување на централен систем за довод на чист воздух со греење и ладење во кабини на наплатни станици на Коридор 8 | 6.631.458,00 |
| 24 | Средства за хигиена | 355.758,00 |
| 25 | Компјутери и компјутерска опрема | 6.281.751,00 |
| 26 | Промена на електрична инсталација и резервно напојување на наплатни станици на Коридор 8 | 23.599.882,00 |
| 27 | Реконструкција на државен пат Р2133 делница Ропалце-Матејче-Липково | 106.490.436,51 |
| 28 | Опрема за компјутерска мрежна периметарска заштита со вклучени алатки за дијагностика на мрежниот сообраќај | 295.070,00 |
| 29 | Изградба на мост на државен пат Р2136 на река Пчиња кај Коњаре | 67.142.000,00 |
| 30 | Потрошен материјал за принтери и фотокопири во времетраење од две години; | 2.378.440,00 |
| 31 | Набавка на ролни за фискални печатари | 4.118.200,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Надзор на санација и рехабилитација на државен пат Р1205,делница Крупиште- Пробиштип | 9.333.682,00 |
| 33 | Набавка на лиценци за антивирус софтвер и софтвер за канцелариско работење | 381.781,00 |
| 34 | ХТЗ - опрема | 2.419.000,00 |
| 35 | Сервисирање и тековно одржување на фискални печатари | 1.180.000,00 |
| 36 | Одржување на систем за видео надзор и комуникациска опрема на наплатни станици и гранични премини во времетраење од две години | 7.080.000,00 |
| 37 | Електрични апарати и уреди | 944.000,00 |
| 38 | Одржување на автоматски стоп рампи во времетраење на две години | 7.080.000,00 |
| 39 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 204.686,00 |
| 40 | Технички преглед и регистрација на моторни возила | 66.470,00 |
| 41 | Печатени материјали | 885.000,00 |
| 42 | Хартија за фотокопир и хартија за плотер | 737.500,00 |
| 43 | Изработка на проектна документација за заштита од бучава на делници од Коридор 8 и Коридир 10 | 1.156.400,00 |
| 44 | Изградба на мост Бр.2 р.Бабуна,Богомила на државен пат Р2336 | 14.572.349,00 |
| 45 | Изградба на мост Бр.5 р.Луда Мара, на државен пат Р1107 | 29.494.100,00 |
| 46 | Транспорт на вработени | 14.899.374,00 |
| 47 | Оптичко комуникациско поврзување,интернет пакет услуги и услуги за фиксна телефонија,вклучувајќи и кол центар , во времетраење од три години; | 44.018.626,00 |
| 48 | Изработка на инфраструктурен проект за државен пат А2,делница Букојчани – Кичево ( варијанта со тунели) | 1.681.500,00 |
| 49 | Надзор на градежно санациони работи на мост на р. Вардар кај Сарај , на А2 ( Скопје – Групчин) | 171.690,00 |
| 50 | Градежно санациони работи на мост на р. Вардар кај Сарај , на А2 ( Скопје – Групчин) | 37.052.000,00 |
| 51 | Одржување на хигиена во времетраење од три години | 9.558.000,00 |
| 52 | Изработка на техничка документација на ниво на основен проект и измена и дополна на проект за инфраструктура за државен пат Р29272, делница | 1.253.160,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Опае-Белановце – Станчиќ; | |
| 53 | Одржување на клима уреди во времетраење од две години | 1.298.000,00 |
| 54 | Надзор на изградба на мост бр.2 р.Бабуна,Богомила на државен пат Р2337 | 382.556,00 |
| 55 | Надзор на изградба на мост бр.5 р.Луда Мара на државен пат Р1107 | 351.640,00 |
| 56 | Канцелариски столчиња | 236.000,00 |

Врз основа на спроведените постапки за јавни набавки, во текот на 2017 година беа склучени 56 договори.

Д И Р Е К Т О Р
Зоран Китанов

Република Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Скопје